РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА / KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

08-4925/4
20-06-2024

Врз основа на член 22 и чл.23 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ број 12/2019) и член 40 и член 41 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, Државната комисија за спречување на корупцијата на 6-тата седница одржана на ден 10.06.2024 година донесе

## *Одлука*

Постапката по предметот со број 08-4925/1 од 15.11.2021 година, СЕ ЗАПИРА.

Предметот со број 08-4925/1 од 15.11.2021 година да се архивира.

Одлуката да се објави на ВЕБ страницата на Државната комисија за спречување на корупцијата, во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## *Образложение*

Предметот со број 08-4925/1 од 15.11.2021 година е оформен по сопствена иницијатива, од причина што Државната комисија за спречување на корупцијата по извршениот увид во својата евиденција констатирала дека лицето ________________ во законски предвидениот рок по именување на функцијата член на управен одбор на ______________________, не поднела изјава за имотна состојба и интереси до Државната комисија за спречување на корупцијата. Поради тоа, на колегиумот одржан на ден 20.09.2021 година Државната комисија за спречување на корупцијата донела заклучок да иницира прекршочна постапка против именуваното лице, за сторен прекршок по член 82 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, казнив по член 109 од истиот закон.

Согласно со чл.41 став 1, 4, 7 и 9 од Законот за прекршоците ( „Службен весник на РСМ“ бр. 96/2019 и 253/2023, Прекршочната постапка не може да се води ако поминат две години од денот на последното дејствие на прекршокот. Застарувањето на прекршочното гонењето започнува од денот на последното дејствие на прекршокот.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Во конкретниот случај, именувањето на лицето ______________ за член на управен одбор на _________________________, на ден 30.07.2021 година и согласно со чл.82 ст 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, истата имала обврска најдоцна во рок од 30 дена од денот на именувањето, односно до 30.08.2021 година, да поднесе изјава за имотна состојба и интереси до Државната комисија за спречување на корупцијата. Имајќи предвид дека се изминати повеќе од две години од денот кога е сторен прекршокот, а прекршочна постапка против сторителот на прекршокот не е поведена, настапила застареност на прекршочното гонење, поради што прекршочна постапка не може да се поведе ниту да се води..

Од наведените причини, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот.

Изготвил: К.Б помлад соработник
Проверил м-р Б.С советник
Одобрил: С. Д., член на ДКСК

**Претседател,**

**Татјана Димитровска**